**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/1
14.02.2018 год.
СКОПЈЕ

FON
FIRST PRIVATE UNIVERSITY

# БИЛТЕН

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 200**

**Скопје, 14.02.2018**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден еден наставник од научната област Методологија и Теорија во политичките науки......3125
2. Рецензија за избор на еден наставник од областа Архитектонско проектирање и дизајн......3135
3. Рецензија за избор на еден соработник од научната област архитектонско проектирање и дизајн......3143
4. Рецензија за избор на еден наставник од областа на Урбано и просторно планирање и проектирање......3147

## Р Е Ф Е Р А Т

Согласно член 131 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр.35 /2008, 103?2008, 26/2009, 115/ 2010, 17/ 2011, 51/201), Согласно Статутот на Прв Проватен Универзитет ФОН, и врз основа на одлуките на Наставно – научниот совет на Факултетот за Политички науки и дипломатија, на ден 20 декември 2017 година е објавен Конкурс во дневниот весни Слободен печат за избор на наставник на наставно звање **Редовен професор** по предметите од научна област **Методологија и Теорија во политичките науки.**.

Наставно научниот совет на факултетот за Политички науки и дипломатија во состав на Првиот приватен Универзитет ФОН, на седница одржана на **28 Декември 2017 година**, по завршениот конкурс за избор на наставници и соработници објавен на ден 20 Декември 2017 година, во дневниот весник Слободен Печат, формирана е **Реценсиона Комисиа** во состав;

1. **Проф. Др. Нано Ружин - Претседател**
2. **Проф. Др. Александар Николовски - член**
3. **Проф. Др. Темелко Ристевски – член**

Во тоа својство, по запознавење со материалите од конкурсот, до Наставно – научниот совет на Факултетот за Политички науки и дипломатија и Сенатот на Прв Универзитет ФОН , Рецензиона Комисијата го поднесува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за прием на еден наставник по **научна област Методологија и Теорија во политичките науки.** Се пријави лицето Проф. Др. Назми Маљичи во работен однос во Првиот приватен Универзитет ФОН. За

кандидатот комисјата ги два следните биографски и библиографски податоци:

Назми Маљичи е роден на 18 март 1957, во село Станчиќ општина Гилане, Косово, адреса на постојано живеење Куманово, улица Бајам Шабани бр 30.

## ОБРАЗОВАНИЕ

- По завршување на средното училиште во гимназија „Гоце Делчев„ во Куманово (1976 година), школувањето го продолжи во Белград, на Факулететот за Одбрана - Белградски Универзитет е запишан на академска 1977/1978 година и дипломирал на 11 јуни 1981 година и се здоби со звање Професор по одбрана;

- На Филозофски Факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методи„ - Скопје, е запишан на постдипломски студии на академска 1994 / 1995 година, магистерската тема под наслов „Политичката толеранција во функција на мирот„ ја одбранил на 07 јули 1999 година, и се стекнал со академски степен **„Магистер по одбрана и заштита„**.

- На Инситутот за Социолошки и Правно – Политички Истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методи„ – Скопје, на 12 декември 2001 година, ја пријавил докторската дисертација под наслов „Приближување на Македонија кон НАТО„ и ја одбрани на 04 ноември 2003 година, и со тоа се стекнал со научното звање „ **Доктор по Политички Науки „**.

## УНИВЕРЗИТЕТСКА РАБОТНА КАРИЕРА

Од страна на Сенатот на УЈЕ – Тетово, на 19 ноември 2003 година бил избран за **Доцент** на група Социо – Политички предмети:

- Човековите права и јавни служби,
- Европски Студии
- Системи на јавно и приватно информирање и

- Политичките проблеми и Евроинтеграции.

**Член на Сенатот на Тетовски Југоисточен Униврзитет (2003 -2006)**

Од 2006 / 2007 година, е ангажиран на последимските студии при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, по следните предмети:

- Анализа на надворешна и безбедносна политика (Јавна Администрација Дипломатија);
- Европски Студии (PARIS XII & UESE, Administration publique et gestion des collectivites territoriales);
- Функционирање на административните структури на ЕУ (група – Компаративна Јавна Администрација на ЕУ) и
- Безбедносни државни политики (Јавна Администрација – група за Безбедност)

**Од април 2004 година, до март 2006 година, бил Директор на Центарот за Научно Истражување на Факултетот за Јавна Администрација – УЈЕ – Тетово.**

Од **октомври 2005 година,** е ангажиран како визитинг професор на **ФОН, Универзитет**, по предметите:

- Историја на право и Право на Европска Унија;
- Наука за политика и
- Политички маркетинг и мас медиумите.

Од **октомври 2007 година,** е во редовен работен однос на Факултетот за Политички Науки при Универзитетот ФОН.

**Наставно - научниот совет** на Факултетот за политички науки и меѓународни односи во состав на Универзитетот ФОН, на седницата одржана на 31 март 2008 година, го избра за **Вонреден професор** по предметите:

- Наука за политика;

- Политички систем
- Меѓународни односи и организации
- Безбедносни Системи и разузнување

Во академската година 2007/2008, 2008/2009 и 2009/2010 е ангажиран на последипмоски студии при Универзитетот ФОН по предметот „Безбедносни колективни системи и превентивна дипломатија„.

**Од септември 2008 до јуни 2011 година бил продекан на Факултетот за политички науки и дипломатија.**

**Од јуни 2011 е Декан** е на Факултет за политички науки и меѓународни односи на ФОН Универзитет – Скопје

**Сенатот на Универзитетот ФОН,** на седницата одржана на **28 март 2013 година**, го избра за **Редовен професор**.

## ДРУГА РАБОТНА КАРИЕРА

- Од 1981 до 1987 година, работел како професор во средните училишта во Куманово, во Гимназија „Гоце Делчев„, во Перидичното училиште „Перо Наков„ и во Техничкото училиште „Наце Буѓони„.

- На 31 септември 1987 година, бил диференциран поради идеолошки причини „ за албански национализам и сепаратизам„ од страна на Општинскиот Комитет на комунистите на Куманово, и по тоа на 04 октомври, под иста директива бил одстранет од работа и од образовниот процес.

- Од јуни 1988 година, до месец април 1993, живеел и работел во градот Матесбург, Австрија.

## ПОЛИТИЧКА КАРИЕРА

- На 14 април 1993 година, по предлог на Партија за Демократски Просперитет (ПДП), од страна на Собранието на Република Македонија, бил избран за заменик – министер во Министерство за Одбрана. На таа функција останал до 15 декември 1994 година.

- На вторите парламентарни избори во 1994 година, бил избран за пратеник во Собрание на РМ, во Општина Кисела Вода ( изборна единица 109), со мандат од 4 години (1994 – 1998). Во својство на пратеник бил член на Комисија за Одбрана и Внатрешна Политика и на Комисија за контрола и надзор на Дирекција за Безбедност и Контраразузнавање. Од 1996 до 1998 година бил член на Делегација на Република Македонија во Северноатланското Собрание (НАТО – парламентарци).

## СТРУЧНИ НАУЧНИ ТРУДОВИ

| **Селектирани научни резултати во последните пет години** | | | |
|---|---|---|---|
| **Доказ за печатени научни трудови во меѓународни списанија** | | | |
| Ред. број | Автори | Наслов | Издавач / година |
| 1. | Nazmi Malichi | Parliamentary supervision and control on security structures in special circumstances and operations - case study police intervention in Kumanovo (9-10 may 2015) | C e n t r u m 8, Skopje januari 2018, http://www.centrum.mk/wp-content/ |
| 2. | Temelko RISTESKI, Nazmi MALICHI, Sejdefa DJAFCHE | Pathology of the government in the work of dr. Archibald reiss | Меѓународно списание за општесвени науки Скопје, Vizione" 28, **www.visionsmagazine.org**, Скопје, 2017; https://web.b.ebscohost.com/ehos August 1, 2017 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Nazmi MALICHI | A brief overview of albanians through the centuries in Bulgaria | Меѓународно списаније за општесвени науки Скопје, Vizione" 27, **www.visionsmagazine.org,** Скопје, 2017; https://web.b.ebscohost.com/ehos **January,** 2017 |
| 4. | Nazmi MALICHI | Albanian balkan geopolitics and migrations | Меѓународно списаније за општесвени науки, "VIZIONE " Скопје, Vizione" 25, Стр. бр. 253 - 272, IADC, **www.visionsmagazine.org,** Скопје, 2016 https://web.b.ebscohost.com |
| 5. | Nazmi MALICHI | Relationship between the nations based on the Madina Charter | "VIZIONE " Скопје, Vizione" бр. 23, стр. 397 - 410, IADC, **www.visionsmagazine.org,** Скопје, 2015 https://web.a.ebscohost.com |
| 6. | Nazmi MALICHI | *Building of law state through free vote* | *(JPMNT) Journal of Process Management – New Technologies, International,* **Page 360 - 365**, *The International Scientific Conference "New Knowledge for the New People" ttp://eprints.ugd.edu.mk/2014,* |
| 7. | Nazmi MALICHI | Ndërtimi i shtetit juridik përmes votës së lire – Rast studimi zhjedhjet paralamentare në Republikën e Maqedonisë | Меѓународно списаније за општесвени науки "VIZIONE " Скопје, Vizione" бр. 21, стр. 205 - 218, IADC, **www.visionsmagazine.org,** Скопје, 2014 https://web.a.ebscohost.com I vo Internacional Journal of Lega Sciences, Vol 2,2104, Tetova |

## АНГАЖМАН ВО ПРОЕКТИ

**Учество во научно-истражувачки национални и меѓународни проекти**

**Malichi N, The integration in europe and values that islam brings in thi: Integration Naučna stručna** Međunarodna **konferencija , "***Univerzitet u Novom Pazaru "Evroatlanske integracije Izazovi i perspective"***(http://pt.uninp.edu.rs/arhiva/pravne-teme/**

Malichi N, Integrating factors and the islamic identity in Europe ; Enhancing Economic and Cultural Relations among OIC Member Countries: Opportunities and Challenges ; İstanbul, 13 April 2016

Malichi N, Ndërtimi i paqes na ballkan dhe proceset e integrimit euroatlantik Building peace in balkan and euro atlantic integration processes; Konferenca e Qendrës Kërkimore Zhvillimore – PEJA - ULCIN i Institut za naucna istrazivanja i razvoj – Instituti per kerkime shkencore dhe zhvillim , ISSN 1800-9794; COBISS.CG-ID 20586256; Pejë, 2015

Balkan Peace and Security Through Euro Atlantic Integration Processes; Konferans_tam_metin_kitabi ,http://ucir.uludag.edu.tr/uci, Uludağ üniversitesi mete cengiz kültür merkezi bursa / Türkiye , 2013

Malichi N., Chudoska I., Balkan Peace and Security Through Euro Atlantic Integration Processes; Konferans_tam_metin_kitabi , http://ucir.uludag.edu.tr/uci, Uludağ üniversitesi mete cengiz kültür merkezi bursa / türkiye , 2013

Nazmi Malichi, Political Identity and respect of political differences; Ss.Cyril and Methodius University – Skopje , Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Institute of sociology, Faculty of Philosophy. Proceedings from the International scientific conference.Titled, " Identity in the era of globalization and Europeanization" , Skopje, 2012

Nazmi Malichi; Общите ценности не се прилагат насила, те трябва да се градя Признаването на различията е правилната стъпка към взаимно разбирателство и диалог Intercultural dialog forum-стр,69-75, *Филозофски факултет, Универзитет „Клименмт Охридски„ Софија, 2010;* http://dialogforum.bg/index.php

Nazmi Malichi, Irina Cudoska and Zunun Zunini, "**There is no Development without Knowledge – the Problem of Experts Outflow from the Balkan Countries"** Presented on the International scientific conference "New Knowledge for New Development", MASA Macedonian Academy for Science and Arts, Skopje 7-8 October 2013.

Nazmi Malichi, Irina Cudoska and Zunun Zunini, **"The Role of Mass Media in the Integration of Muslim Immigrants in the EU"** Presented on the International scientific conference "Migration and Labor Market" organized by University St.Ciryl and Methodius", Institute for Sociological political and juridical research, Krushevo, R.Macedonia, 19-20 October 2012

## НАУЧНА ИСТРАЖУВАЧКА АКТИВНОСТ

## ОБЈАВЕНИ КНИГИ И МОНОГРАФИИ

- Политичка толеранција во фунција на мирот (на македонски јазик) Фондација Friedrich Ebert – Скопје, 2001
- Политички траги (на албански јазик), IADC, Скоје 2001
- Прелистување (на албански јазик), IADC, Скоје 2001
- Политичка толеранција во фунцкија на мирот (на албански јазик), Фондација Friedrich Ebert – Скопје, 2003
- Системи на јавно и приватно информирање, IADC, Скоје 2006
- Превод на монографијата: „Политички Менаџмент„ од македонски на албански јазик, Фондација Friedrich Ebert – Скопје, 2002
- Скрипта „Политички Систем„ ФОН, Скопје, 2009
- Скрипта „Безбедносен Систем„, ФОН, Скопје, 2009
- Книга, Приближување на Република Македонија кон НАТО, ИАДЦ, Скопје, 2010
- Книга, Persiatje politike, Shtepia botuese Shkupi, Shkup, 2011

## НОСИТЕЛ НА ПРОЕКТИ

**Носител на проекти, подржани од Здружение на интелектуалци Демократски клуб - Скопје ( The association of intelectuals "Democratic club" – Скопје)**

- Албанскиот јазик и високото образование во Република Македонија ( 2010)

- Euro Atlantic integration processes and the Republic of Macedonia", (2005 -2007) **The association of intelectuals "Democratic club" и Friedrich-Ebert-Stiftung, Скопје**
- Слободни и фер избори и Евроатланска иднинина на Република Македонија (Zgjedhjet e lira dhe ardhmëria Evroatlantike e Republikës së Maqedonisë) (2006) **The association of intelectuals "Democratic club", Friedrich-Ebert - Stiftung, Скопје и SEE University Tetovo**
- Како до имплементација на Охридски Рамковен договор (2003) **The association of intelectuals "Democratic club" и Friedrich-Ebert-Stiftung, Скопје**
- Човекови права како демократска вредност (2001 – 2003) **The association of intelectuals "Democratic club" и Friedrich-Ebert-Stiftung, Скопје**
- Траумата и психолошките појави како последица на конфликтот како извор за загрозување на човековите права (Trauma as Consecuence of Conflict), **The association of intelectuals "Democratic club" и Friedrich-Ebert-Stiftung, Скопје**
- **Главен одговерен уредник на научното Списаније, " Визионе " - Скопје**

Имајќи го предвид гореизнесеното, неговата кариера во образовниот процес и неговото ангажирање и на овој Универзитет Рецензионска комисија со задоволство му предлага на Наставно – научниот совет Факултетот за Политички науки и дипломатија да ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Кандидатот **Проф. Др. Назми Маљичи се избира** во наставно звање **Редовен професор** по **научна област Методологија и Теорија во политичките науки..**

**Реценсиона комисија**

1. **Проф. Др. Нано Ружин, с.р. - Претседател**

______________________________

2. **Проф. Др. Александар Николовски, с.р. – член**

______________________________

3. **Проф. Др. Темелко Ристевски, с.р. – член**

______________________________

**Скопје, 08. 02. 2018 година**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО – НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН НА АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ, ВО СОСТАВ НА ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ- ФОН СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот распишан од страна на Првиот приватен универзитет – ФОН – Архитектонски факултет во Скопје, објавен во весникот „Слободен печат" на 20.12.2017 година, за избор на наставник во сите наставно – научни звања **од областа на Архитектонско проектирање и дизајн** и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 18-2138/3, 28.12.2017 година, донесена на 28.12.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

д-р Митко Хаџи Пуља, редовен професор на Архитектонски факултет при УКИМ д-р Александар Радевски, доцент на Архитектонскиот факултет при УКИМ д-р Добре Николовски, доцент на Архитектонскиот факултет при УКИМ

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања од **областа на Архитектонско проектирање и дизајн** во предвидениот рок се пријави м-р Лилјана Димевска.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Лилјана Димевска е родена на 17.08.1991, во Штип. Средно образование завршува во Берово, со највисок перцептилен ранг на испитот за државна матура и највисок просек, стекнувајќи се со признанието – ,,Ученик на генерацијата". Во 2010 година се запишува на студии на Архитектонскиот факултет, при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј", во Скопје, по успешно поминатиот приемен испит, помеѓу првите 5 студенти примени во државна квота. Дипломира 2014 година, со успешна одбрана на интермедијарен испит, на тема: Интерполација на група семејни куќи, нови типлогии на ниска станбена

структура, под менторство на проф. д-р Зорица Блажеска, со просек 9,34 и се стекнува со звање дипломиран архитект.

Истата година продолжува со вториот циклус на студии (магистерски студии) на Архитектонскиот факултет, при УКИМ, Скопје. Во четвртата студиска година е избрана за студент на генерацијата со просек од 9,86. Во октомври, 2015 година, успешно го одбранува својот магистерски труд на тема: Истражување на колективната форма на домување, 1964 – 2015; Морфологија на домувањето, со наслов на магистерскиот труд: Епизоди на домување, речна зона на град Велес, под менторство на проф. д-р Минас Бакалчев и се стекнува со звање магистер инженер архитект.

Петгодишните интегрирани студиии по архитектура, ги завршува во рекордно време и со највисок просек во генерацијата - 9,5. Добива Признание од Деканатот на Архитектонски факултет, за најдобар студент во генерацијата. Во мај, 2016 година, како студент со највисок просек на Архитектонски факултет, при УКИМ, е прогласена за добитник на најпрестижната награда за инженери, Инженерски прстен, која што и е доделена од страна на Инженерската институција и Комората на овластени архитекти и инженери на Р.М. Во јуни, 2016 година, и е врачен Инженерскиот прстен лично од Претседателот на Р.М. Ѓорѓе Иванов, преку свечен чин и манифестација под покровителство на Претседателот.
Во април, 2017 година, и е доделена награда и признание за студент со највисок просек во генерацијата од страна на Ректоратот при УКИМ, доделена од страна на Ректорот на УКИМ.

Во Октомври, 2016 година е примена на докторските студии на Градежниот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје каде што почнува со третиот циклус на студии во полето на техничко – технолошките науки, модул конструкции, со потесна област на истражување во енергетската ефикасност на резиденцијалните објекти, под менторство на проф. д-р Мери Цветковска и вон.проф. д-р Ана Тромбева - Гаврилоска.

Кандидатот м-р Лилјана Димевска моментално работи на Архитектонскиот факултет при првиот приватен универзитет ФОН во Скопје како помлад асистент, со одлуката донесена на наставно научниот совет во јуни, 2016 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на академската кариера, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Архитектонскиот факултет, при ФОН Универзитет во Скопје, кандидатот м-р Лилјана Димевска учествува како соработник во наставата - помлад асистент кој изведува вежби на студиите, заклучно со изборот во мај, 2016 година. Одржува вежби по следниве предмети – прв циклус: Архитектонски конструкции 1; Студио станбени објекти 1; Проектирање на стопански објекти 1; Проектирање на индустриски обекти 1; Апликација на компјутерски програми Cad 1; Апликација на компјутерски програми 3D1; и втор циклус: Проектирање на индустриски обекти 2; Проектирање на стопански објекти 2; Проектирање објекти за времено домување; Енергетска ефикасност; Одржлива архитектура; Интегративно студио.

Во септември, 2017 година започнува со работата како соработник – демонстратор на Градежниот факултет по предметите Инженерска графика и Нацртна геометрија, паралелно работејќи и на двата Универзитети – УКИМ и ФОН.

Како помлад асистент на Архитектонскиот факултет при ФОН универзитет, учесник и организатор е архитектонски работилници и изложби (како дел од кадарот на Архитектонски факултет), куратор на јавни предавања одржани во ФОН Универзитетот, како:

- Јавни предавања "Враќање во семи-етика на архитектурата" и прва изложба на учениците од Архитектонскиот факултет при Универзитет ФОН, Скопје. 03.05.2017. Предавачи: Геза Огоновски, арх. - "Hotel Courtyard by Marriott Brussels EU District" Проф. Д-р Митко Хаџи Пуља, арх. - "Учење од архитектура-просторот како вредност" Проф. Д-р Георги Константиновски - "Ремек делата на светските познати архитекти Џон Џоанс и Еро Сариен";
- Едукативна посета на студентите и академскиот кадар на Архитектонски факултет при ФОН Универзитет), во фабрика КНАУФ, Дебар, Р. Македонија, 05.05. 2017;
- Годишна студентска изложба на Факултетот за дизајн и мултимедија во соработка со Архитектонскиот факултет (изложба на најдобрите студентски проекти) Универзитет ФОН, Скопје, Младински културен центар, Скопје, 09.05. 2017 - 16 05. 2017;
- Организатор на архитектонската работилница "SKATEARCH YOUR SPACE" во рамките на Зимската школа

**Научноистражувачка дејност и стручно-уметничка дејност**

М-р Лилјана Димевска во научно-истражувачка дејност ги има изработено нејзината магистерска работа на тема: Истражување на колективната форма на домување, 1964 – 2015; Морфологија на домувањето, со наслов на магистерскиот труд: Епизоди на домување, речна зона на град Велес". Моментално работи на истражувања на студиите од трет циклус – докторски студии во полето на енергетската ефикасност во резиденцијалните објекти во Скопје.

Автор е на два научно – истражувачки труда кои што јавно ги има презентрано на меѓународни конференции и симпозиуми, истите објавени во меѓународен зборник на трудови на тема:

- „**Capitalism and Architecture in Skopje**",автор: Лилјана Димевска, ко-автор Шукран Ќазими, труд публициран во меѓународно списание ARCHTHEO'16, DAKAM Conference, Istanbul, Turkey, October 2016,ISBN 978-605-9207-51-5
- „**Анализа на станбени згради за колективно домување во рамки на селектирана градска четврт – Карпош**" автор: Лилјана Димевска, ко-автори: Ана Тромбева – Гаврилоска, Мери Цветковска, научно-стручен труд публициран во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор, 17ти симпозиум на ДГКМ, Октомври 2017 ISBN 978-608-4510-31-4

Присуствува на голем број меѓународни и национални конференции и симпозиуми за архитектура и градежништво, како претставник од архитектонска компанија - слушател и како презентатор на свој труд, и тоа:

- INTERNATIONAL SYMPOSIUM "PARTNERSHIP FOR GREEN CONSTUCTIONS", Хотел „Гранит"Св. Стефан, бб, Охрид, Р. Македонија, 08.05 – 10.05.2015;
- INTERNATIONAL SYMPOSIUM „WORLD OF GLASS" Tulip Inn Hotel,Belgrade,Serbia, 15.10 – 17.10.2015;
- INTERNATIONAL SYMPOSIUM for Architecture and Engineering, Hotel Internacional, Golden Sands, Bulgaria, 05.06 – 07.06.2015;
- INTERNATIONAL CONFERENCE for Architecture ARCHTHEO'16, DAKAM Conference, Istanbul, Turkey, 27.10 – 28.10.2016
- „GO GRREN" INTERNATIONAL CONFEENCE FOR CLIMATE CHANGE AND GREEN ECONOMY, Marriott Hotel, Skopje, Macedonia, 24.11 –25.11.2016
- INTERNATIONAL WINTER SCHOOL FOR ARCHITECTURE AND DESIGN, (Giugiaro Architects, Politecnico di Milano, Bertone Design), Faculty of Architecture, FON University, Skopje, 16.01 – 19.10.2016
- „WOMAN IN ENERGY" Меѓународна конференција на тема „Жени во енергетиката", Хотел Мериот, Скопје, 15.06.2017

- INTERNATIONAL CONFERENCE FOR ARCHITECTS, Tondach and Wienerberger, Hotel Aleksandar Palace, Skopje, 22.06.2017
- МЕЃУНАРОДНА ОБУКА ЗА МЛАДИ ЛИДЕРИ, Иванов школа за млади лидеру, Хотел ИНЕКС Горица, Охрид, 20.08-01.09.2017
- 17 МЕЃУНАРОДЕН СИМПОЗИУМ – ДГКМ – ДРУШТВО НА ГРАДЕЖНИ КОНСТРУКТОРИ МАКЕДОНИЈА на тема: ПРИРОДНИ КАТАТРОФИ И КОНСТРУКЦИИ, Хотел Гранит, Охрид, 04-07.09.2017

Во рамките на стручно-уметничката дејност, кандидатот м-р Лилјана Димевска работи на основни архитектонски проекти, идејни архитектонски и архитектонско – урбанистички решенија и физибилити студија и конкурсни трудови, како архитект – соработник во рамките на приватни компании каде што е вработена, но и како самостоен архитект..

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Во текот на студентските денови, учествува во голем број на изложби, конкурси и проекти. Како соработник во идејни и основни архитектонски проекти учествува во архитектонското студио за архитектура, урбанизам и дизајн ,,Студио ЛелеЛеле'', во кое што волонтира на позицијата архитект - соработник во текот на 2013/14 година. Во март, 2015 година, започнува со работа на позицијата архитект, во архитектонското биро за проектирање, ревизија и надзор ,,Тетрактис – КРИСТИЈАН ДООЕЛ''. За време на работењето во компанијата ,,Тетрактис'', е соработник во голем број на основни, идејни и конкурсни архитектонски проекти и се стекнува со големо проектантско и практично искуство.

Во рамките на стручно-апликативната дејност, кандидатот м-р Лилјана Димевска е соработник во 4 основни проекти, чија што изведба е во тек, соработник во 8 идејни архитектонски проектти т.е обликовни решенија за индивидуални и повеќесемејни станбени, деловни и општествени објекти, од кои што 4 се архитектонски, односно архитектонско-урбанистички конкурсни трудови.

- **Основен проект за општинска зграда за Општина Маврово и Ростуше, 2015**, фирма:,,ТЕТРАКТИС'', д.о.о.е.л. Скопје, одговорен проектант арх. Кристијан Јорданов, соработник арх. Ана Шотароска, соработник арх. Лилјана Димевска;
- **Основен проект за реконструкција и доградба и надградба на деловно административен објект на бул.8-ми Септември,бр.18 Скопје, 2015**, фирма:,,ТЕТРАКТИС'', д.о.о.е.л. Скопје, одговорен проектант арх. Кристијан Јорданов, соработник арх. Соња Милачиќ, соработник арх. Лилјана Димевска, соработник арх. Шукран Ќазими, соработник арх. Емилија Јанкоска
- **Основен проект за базен и придружен објект, Центар за кинезитерапија, населба Злокуќани, Скопје, 2015**, фирма:

„ТЕТРАКТИС", д.о.о.е.л. Скопје, одговорен проектант арх. Кристијан Јорданов, соработник арх. Ана Шотароска, соработник арх. Лилјана Димевска

- **Основен проект за индивидуална семејна куќа, Тетово,** фирма:„ТЕТРАКТИС", д.о.о.е.л. Скопје, одговорен проектант арх. Кристијан Јорданов, соработник арх. Лилјана Димевска, соработник арх. Наташа Чирков.
- **Идејно архитектонско решение за хотел со Спа центар Бања Банско, Струмица, 2015,** фирма: „ТЕТРАКТИС", д.о.о.е.л. Скопје, одговорен проектант арх. Кристијан Јорданов, соработник арх. Наташа Чирков, соработник арх. Лилјана Димевска
- **Идејно архитектонско решение за хотел со Спа центар Катлановска Бања, Скопје, 2015,** фирма:„ТЕТРАКТИС", д.о.о.е.л. Скопје, одговорен проектант Кристијан Јорданов, соработник архитект Соња Милачиќ, соработник архитект Лилјана Димевска,
- **Проект за ентериер, дел од Основен проект за рекострукција и реставрација на манастир Св. Јован Бигорски,** фирма: „СТУДИО ЛЕЛЕЛЕЛЕ", Скопје, проектанти арх.Владимир Лековски, арх.Искра Лековска, соработник арх. Лилјана Димевска
- **Идејно архитектонско решение за објект Деловен центар на Мак Аутостар Скопје, конкурсен труд, 2015,** фирма: „ТЕТРАКТИС", д.о.о.е.л. Скопје одговорен проектант арх. Кристијан Јорданов, соработник арх. Соња Милачиќ, соработник арх. Лилјана Димевска, соработник арх. Шукран Ќазими, соработник арх. Емилија Јанковска
- **Архитектонско – урбанистичко идејно решение за плажи, Преспа –конкурсен труд, 2013,** фирма: „СТУДИО ЛЕЛЕЛЕЛЕ",Скопје. проектанти арх. Владимир Лековски, арх. Искра Лековска, соработник арх. Лилјана Димевска
- **Идејно архитектонско решение за** „Реконструкција и доградба на хотел, ‚МОЛИКА", конкурсен труд Битола, Р. Македонија. Автори на проект: арх. Лилјана Димевска, арх. Ивица Софрониевски; нелеаризиран, 2016;
- **Идејно архитектонско решение за студентски дом „Тодор Александров" бул.Илинден, Скопје, Р.Македонија, конкурсен труд.** Автори на проект: арх.Лилјана Димевска, арх. Ивица Софрониевски, арх.Кирил Димевски, нереализран, 2017;
- **Идејно архитектонско решение за угостителски објект„Ресторан Вардар",** населба Здуње, Гостивар, Р.Македонија. Автори на проект: арх.Лилјана Димевска, арх. Ивица Софрониевски, текновно во изведба, 2017;

- **Проект за ентериерно уредување на индивидуална семејна куќа, Гостивар,2016.** Автори на проект: арх.Лилјана Димевска, арх. Ивица Софрониевски
- **Идејно архитектонско -урбанистичко решение за градски простор** - Урбана инсталација и партерно уредување на простор пред студентски дом „Кузман Јосифовски Питу" Скопје, 2014, арх.Лилјана Димевска, арх.Небојша Јовановски

Кандидатот, исто така, покажува активност во дејностите од поширок интерес за професијата и научната работа. Кандидатот м-р Лилјана Димевска е автор на дизајнот на логото и амблемот на Клубот на носители на Инженерски прстен, во склоп на Инженерската Институција на Македонија, како и автор на дизајн на логото на меѓународната конференција Woman In Energy.

М-р Лилјана Димевска е член во следните организации и тела:

- Претседател и член на Клуб на носители на Инженерски прстен, составен дел од ИМИ - Инженерска Институција на Македонија;
- Член во Алумни Асоцијација – ИСЛАА, Меѓународна обука за млади лидери, сектор – Иновации и тенологија;

М-р Лилјана Димевска е добитник на следниве признанија и награди:

- **Награда „Инженерски прстен"**, доделена од страна на Инженерската институција на Македонија. и Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Р.М, доделена од страна на Претседателот на Р.М.
- **Награда „Најдобар дипломран студент"**, со нјависок просек на Архитектонскиот факултет, на Универитетот „Св.Кирил и методиј, доделена од страна на Ректоратот на УКИМ.
- **Признание за најдобар студент на Архитектонски факултет**, Универзитет Св. Кирил и Методиј", Скопје доделено од страна на Инженерската институција на Р.М. и комората на овластени архитекти и овластени инженери на Р.М. за постигнат просек од 9.5
- **Признание за најдобар студент на Архитектонски факултет, во четврта студиска година 2014/15**, доделена од страна на Деканатот на Архитектонски факултет, при УКИМ, Скопје, за постигнат просек 9.86

## Оценка од самоевалуација

Кандидатот м-р Лилјана Димевска, во континуитет, е позитивно оценета со високи оценки за наставно-образовната дејност на сите предмети во кои учествувал како помлад асистент - соработник од анонимно спроведените анкети на студентите на Архитектонскиот факултет при ФОН Универзитет.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Лилјана Димевска.
Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Лилјана Димевска поседува научни, стручни, педагошки и етички квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на ФОН Унверзитет, ги исполнува сите услови за избор на наставник од областа на Архитектонско проектирање и дизајн на Архитектонскиот факултет при ФОН Универзитет, Скопје.
Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, при ФОН Универзитет во Скопје, м-р Лилјана Димевска да биде избран во звањето **доцент по стручно-уметничките предмети од областа на Архитектонско проектирање и дизајн на Архитектонскиот факултет при ФОН Универзитет, Скопје.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-рМитко Хаџи Пуља, с.р. – претседател

____________________________________

доц. д-р Александар Радевски, с.р. – член

____________________________________

доц. д-р Добре Николовски, с.р. – член

____________________________________

**РЕЦЕНЗИЈА**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК - АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ**

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот Факултетво состав на Првиот Приватен Универзитет – ФОН, Скопје, на својата седница одржана на 28.12. 2017 год., по завршениот Конкурс за избор на соработник од областа на архитектонско проектирање и дизајн, објавен на ден **20.12.2017** год. во дневниот весник "Слободен Печат" формира Рецензентска комисија во состав:

